There are no translations available.



Со обезбедени финансиски средства од Буџетот на општина Неготино деновиве повторно беше поставена фонтана во склоп на изградениот парк на главната улица Маршал Тито во градот во близина на Полициската станица. Станува збор за простор кој пред извесен период беше оплеменет со изградба на патеки, поставување на клупи за седење и негово озеленување, но од страна на несовесни граѓани фонтаната беше оштетена, што пак беше повод да се донесе одлука за поставување на нова фонтана. Одговорните во Одделението за комунални работи истакнуваа дека согласно годишната програма за работа предвидена е замена на сите постоечки фпонтани во градот, од кои најголемиот дел се во централното градско подрачје на Неготино.